- Не ветувајте дека веднаш ќе биде сè во ред, тоа не е реално;
- Заедно со ученикот со когошто се води разговорот одредете рамка и време на активности кои ќе ги преземете;
- Нагласете дека ќе се реализираат повеќе средби, за да знае ученикот дека сте тука за него и дека не завршува контактот со еден разговор;
- Кажете дека ќе направите сè што е навистина во ваша моќ;
- Не префрлајте ја одговорноста за реагирање на друг. Секој е обврзан да реагира во својот домен;
- Запознајте ги учесниците со наредните чекори, кој и каде ќе биде информиран и вклучен во процената и следењето на ситуацијата.

### 5.4. Заштита од насилство и промена на однесувањето на сторителот

По смирувањето на ситуацијата и добивањето информации од разговорите со сите вмешани и сведоци на насилството, училиштето одлучува дали и кои мерки на заштита ќе се спроведат.

Во случаите од табела 1 кои не се повторуваат, наставникот, стручниот соработник или директорот кој го прекинал насилството одлучува кои мерки ќе ги преземе. Наставникот, стручниот соработник или директорот може да одлучи физички да го оддели сторителот од жртвата (да го премести на друга клупа), да разговара со жртвата приватно, да ја праша дали ѝ е потребна психо-социјална поддршка или разговор со психологот, педагогот или друго лице, да разговара со паралелката или набљудувачите, да им објасни зошто ваквото однесување е недозволиво и какви последици можат да настанат, со сторителот да разговара приватно и да му укаже дека не треба да го повтори однесувањето, да го упати сторителот на советување кај психологот, да им укаже на учениците на ненасилната комуникација и ненасилните начини на разрешување на конфликти. Особено е значајно жртвата во ниту еден момент да не се почувствува казнета, како, на пример, жртвата да се премести на друга клупа наместо сторителот, од жртвата да се бара да не носи одредена облека или предмет во училиштето, жртвата да се прати на задолжително советување кај психологот и слично.

Во случаите од табела 1 кои се повторуваат и случаите од табела 2, училиштето изработува писмен план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот. Овој план го изработува контакт-лицето, кое по сопствена процена одлучува дали и кои други лица ќе ги вклучи во изработката (наставниците,

стручните соработници, директорот, претставници од други институции, екперти од областа, претставници од здруженија и сл.).

Во случаите од табела 3 училиштето изработува план за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот, а во изработката на планот задолжително вклучува претставници од Центарот за социјална работа. Доколку станува збор за кривично дело, задолжително се вклучува претставник од МВР. Доколку случајот на насилство има сериозни последици за физичкото и менталното здравје на ученикот, во изработката на планот задолжително се вклучуваат претставници од здравствените институции.

Планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесувањето на сторителот може да вклучува:

- Психо-социјална поддршка на жртвата од страна на училишниот психолог и/или други стручни соработници. Сесиите на психо-социјална поддршка траат сѐ додека не се постигнат резултатите и сѐ додека лицата кои ја нудат поддршката проценуваат дека треба да се продолжи. Доколку жртвата добива психо-социјална поддршка надвор од училиштето, училишниот психолог ги координира своите активности со стручното лице кое работи со ученикот и заедно одлучуваат за видот и интензитетот на мерките на поддршка кои училиштето треба да ги преземе. Доколку училиштето процени дека нема капацитети да му овозможи психо-социјална поддршка на ученикот или ученикот има потреба од помош од страна на стручни лица од различни професии кои не работат во училиштето, ќе посредува со институциите од јавното здравство и/или специјализираните советувалишта за насилство на здруженијата на граѓани, со цел ученикот да ја добие психо-социјалната поддршка надвор од училиштето.
- Мерки за физичко одделување на жртвата од сторителот. Овие мерки се препорачува да се донесат во случаите од табела 1 кои се повторуваат или случаите од табела 2, додека за случаите од табела 3 задолжително е да се предвидат. Овие мерки вклучуваат преместување на сторителот во друга паралелка, физички оддалечена од паралелката на жртвата, забрана на сторителот да ѝ се приближува на жртвата, доколку посетуваат исти воншколски активности, екскурзии или спортски клубови, на сторителот може да му се ограничи учеството додека не му се промени однесувањето и доколку жртвата се согласи. Во овие случаи преместувањето во друга паралелка не се изрекува како педагошка мерка, туку како мерка за заштита на жртвата од насилство.
- Мерки за физичко одделување на жртвата. Овие мерки се употребуваат само доколку е неопходно, доколку жртвата тоа го бара и доколку се во нејзин најдобар интерес. Овие мерки вклучуваат ослободување од настава за одреден период,

ослободување од обврски по одредени предмети и воншколски активности, можност за привремено учење од дома, преместување во друга паралелка доколку тоа е барање на жртвата и доколку во друга паралелка има ученици на кои жртвата им верува, ученици кои подобро ќе ја прифатат и поддржат. Во овие случаи преместувањето во друга паралелка не се изрекува како педагошка мерка, туку како мерка за заштита на жртвата од насилство.

- Мерки за промена на однесувањето на сторителот. Овие мерки се применуваат само доколку сторител е друг ученик или ученици. Овие мерки вклучуваат психо-социјална поддршка со училишниот психолог или друго лице согласно потребите, за што важат одредбите од точка 1; упатување на родителите/старателите и/или други членови на семејството на психо-социјално советување во надлежна установа; разговори и советувања на родителите/старателите и/или други членови на семејството во врска со мерките кои треба да ги преземат со цел да се промени однесувањето.
- Педагошки мерки кон сторителот. Педагошките мерки од член 72 од Законот можат да се изречат кон ученик сторител на насилство. Овие мерки треба да се изречат само во случаите кога мерките за промена на однесувањето не покажуваат резултати и тогаш кога се работи за случај на насилство од табела 2 и табела 3.
- Преместување на сторителот во друго училиште. Оваа мерка може да се користи во случаите на насилство од табела 2 кои се повторуваат или случаите на насилство од табела 3 и не претставува педагошка мерка, туку мерка за заштита на жртвата од насилство. Во случаите на насилство кои претставуваат сериозна траума за жртвата со последици врз здравјето и развојот, единствен начин за да се прекине преживувањето на траумата и да се започне интеграција на жртвата е сторителот целосно да се отстрани од нејзиното секојдневје. Во случај на изрекувањето на оваа мерка, училиштето соработува со локалната самоуправа и Министерството за образование и наука, кои посредуваат со другото училиште и го информираат. Вработените во другото училиште мора да бидат целосно информирани за случајот, да се координираат со контакт-лицето за пријавување насилство од училиштето и да продолжат да ги спроведуваат мерките за промена на однесувањето на сторителот.
- Мерки за поддршка на набљудувачите и/или сведоците. Контакт-лицето или друг стручен соработник или наставник спроведуваат мерки за поддршка или промена на однесувањето на учениците сведоци или набљудувачи, со цел да се пресретнат и нивните искуства и да се зајакнат вештините за реакција во случаите на насилство. Овие мерки вклучуваат: разговарање и објаснување на случајот и околностите, оставање простор да ги кажат своите размислувања и чувства

поврзани со случајот, објаснување на последиците кои ги остава насилството врз жртвата и врз општеството, советување како да реагираат во вакви случаи, договарање за заедничка поддршка на жртвата и сл. Притоа, на учениците не им се откриваат детали за случајот кои не ги знаат. Крајна цел на овие мерки е учениците да не го оправдуваат насилството и да разберат зошто ова однесување е штетно. Овие разговори не смеат да се водат во присуство на ученикот жртва и ученикот сторител. Учениците набљудувачи и сведоци не треба да се осудуваат или обвинуваат ако не пријавиле навремено, ако навивале и слично. Доколку станува збор за случаи на насилство од табела 2 кои се повторуваат или од табела 3, на учениците сведоци или набљудувачи им се нуди психо-социјална поддршка од училишниот психолог и/или се упатуваат во друга установа. Овие мерки можат да вклучат едукативни активности, како предавања и работилници на теми поврзани со случајот на насилство, работилници за ненасилна комуникација и работилници за врсничка поддршка на жртви на насилство.

Сите мерки кои се однесуваат на жртвата мора да се донесат со нејзино вклучување, согласување и земање предвид на нејзините желби и потреби. Жртвата треба да чувствува дека одлучува за себе, заедно со возрасните, и дека има контрола над ситуацијата. Сите предлози контакт-лицето или друго лице од доверба на жртвата, детално ѝ ги образложува на разбирлив начин приспособен на возраста и се труди да ја оспособи за да донесе информирана одлука. Со жртвата се работи трпеливо, се остава време за да одлучи, да го промени мислењето, да одбие одреден предлог и можност да се прекине дури и кога нешто почнало да се спроведува.

Контакт-лицето или друго вработено лице кое е од доверба на ученикот сторител, ќе разговара со сторителот за донесените мерки, резултатот што се сака да се постигне, следните чекори кои ќе се преземат и последиците со кои ќе се соочи. Ученикот сторител не треба да се обвинува и осудува, туку треба да се влијае врз промена на неговото однесување и врз факторите кои довеле до насилничкото однесување.

Родителите/стрателите на жртвата и на сторителот се вклучуваат во изработката на планот за заштита на ученикот жртва и промена на однесувањето на сторителот, секогаш кога тоа не е спротивно на принципот на најдобар интерес на детето. Доколку родителите/старателите се несоработливи и дејствуваат на штета на детето, училиштето е должно да го извести Центарот за социјална работа. Доколку родителите/старателите се однесуваат насилнички или училиштето проценува дека може да дојде до насилство или штета кон вработен во училиштето, други ученици или родители/старатели на друг ученик, освен Центарот за социјална работа, ќе повика и полиција, а зависно од околностите на случајот, може да се извести и

Министерството за образование и наука, инспекторатот, Народниот правобранител и да се побара правна помош од Министерството за правда или здруженија на граѓани.

Планот за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот постојано се евалуира и дополнува, се оценува дали дава резултати, се проценува состојбата на ученикот жртва и на ученикот сторител и врз таа основа се определува траењето на мерките и нивниот вид. Мерките продолжуваат сè додека не се добијат посакуваните резултати, а после тоа активно се внимава на однесувањето и развојот на ученикот жртва и на ученикот сторител.

## 6. Евиденција

Контакт-лицето е должно да го евидентира секој случај на насилство над ученик во формуларот од прилог 2. Во формуларот се евидентираат случаите на насилство од табела 1 кои се повторуваат, случаите од табела 2 и табела 3. Формуларите се чуваат во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

Планот за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот, во сите негови верзии и дополнувања, се чува заедно со формуларот за евиденција од прилог 2. За подготовка на планот може да се користи формуларот од прилог 3. Овој формулар се пополнува веднаш по пополнувањето на формуларот од прилог 2. Лицето за контакт или неговиот заменик, заедно со останатите лица кои се вклучени во одлучувањето и спроведувањето на мерките за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот, го пополнуваат делот за процена на ефикасноста на мерките, во моментот кога ќе проценат дека се постигнати некакви резултати, а најдоцна во рок од еден месец од дознавањето за случајот на насилство. Овој формулар се пополнува онолку пати колку што има потреба, сè додека траат мерките за заштита на жртвата и за промена на однесувањето на сторителот. Притоа, се пополнуваат само оние делови во кои нешто ќе се измени и дополни. Откако ќе се процени дека мерките го оствариле својот ефект, завршно се пополнува само делот за процена на ефикасноста од мерките.

Клучни елементи на планот за заштита на жртвата и промена на однесувањето на сторителот:

- Опис на мерките од точка 5.4.;
- Резултати и индикатори по мерките кои се следат;
- Временска рамка на спроведување;
- Временска рамка за евалуација;
- Информации за лицата кои учествуваат во негова подготовка;

- Забелешки (во овој дел се внесуваат отворени прашања кои дополнително се разгледуваат, различни мислења на лицата кои учествувале во подготовка и друго);
- Потпис од контакт-лицето и директорот на училиштето;
- Датум на негово донесување.

## 7. Меѓусекторска соработка

Министерството за образование и наука, во соработка со Бирото за развој на образованието, е должно да обезбеди контакт-информации од претставници од полицијата и Министерството за внатрешни работи, центрите за социјална работа, Министерството за труд и социјална политика, здравствените установи, Министерството за здравство, здруженија на граѓани кои работат на превенција и заштита од насилство, здруженија кои нудат бесплатна правна помош, Народниот правобранител и неговите регионални канцеларии, инспекторатите по области и други надлежни институции. Министерството за образование и наука е должно, пред почетокот на секоја учебна година, да достави обновени контакт-листи до училиштата.

Основните училишта, во соработка со локалната самоуправа, можат да организираат првични средби со претставниците од другите институции, со цел да ги запознаат со содржината на ова Упатство и да договорат детали околу начинот на соработка.

Министерството за образование и наука ги информира другите институции, како Министерството за труд и социјална политика, Министерството за здравство, Министерството за внатрешни работи и Јавното обвинителство за донесувањето на ова Упатство. Министерството за образование и наука ќе ги повика останатите институции да ги запознаат своите вработени, кои имаат надлежности да постапуваат во случаи на насилство врз деца и кои спроведуваат активности за превенција, со содржината на ова Упатство и да им дадат насоки за зацврстување на соработката со основните училишта. Овие министерства можат да направат упатства или други подзаконски акти за превенција и заштита од насилство над деца и меѓусекторска соработка, наменети за вработените во различните сектори.

При планирањето и спроведувањето на активности и мерки за превенција и заштита од насилство, институциите треба да вклучат претставници од основните училишта, со цел поуспешна координација на активностите и земање предвид на потребите на училиштата и учениците.

## 8. Завршни одредби

Секое училиште е должно да започне целосно да го применува Упатството во рок од една година од неговото донесување. Во период од една година училиштето е должно да спроведе подготвителни активности, да го измени статутот и да донесе интерен акт, да ги назначи контакт-лицето за пријавување насилство и неговиот заменик, да обезбеди услови за примена на Упатството и да ги зајакне капацитетите на вработените за примена на ова Упатство.

Поглавјето кое се однесува на интервенција во случаите на насилство се применува со стапување на сила на ова Упатство.

Бирото за развој на образованието, заедно со Министерството за образование и наука, во соработка со училиштата и другите релевантни чинители, редовно, а најмалку на секои четири години, ќе го дополнува и изменува ова Упатство, согласно потребите на училиштата, со цел ефикасна заштита и превенција од насилство.

**Ова упатство влегува во сила со денот на неговото донесување.**

**Бр.18-6570/1**
**6.7.2020 година**
**Скопје**

**Министер за образование и наука,**

**Dr.Arbër Ademi, с.р**

## 9. Прилози

### Прилог 1: Табели со категоризација на насилството

| Табела 1 – Прво ниво | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | **Емоционално/ психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/ злоупотреба** | **Кибернасилство** |
| - удирање „чврги“,<br>- буткање,<br>- штипење,<br>- гребење,<br>- кубење,<br>- гризење,<br>- сопнување,<br>- шутирање,<br>- валкање,<br>- уништување на предмети. | - исмевање,<br>- омаловажување,<br>- озборување,<br>- навредување,<br>- ословување со погрдни имиња,<br>- пцуење,<br>- имитирање,<br>- „прозивање“. | - дофрлање,<br>- потсмевање,<br>- игнорирање. | - дофрлање,<br>- пцуење,<br>- негативни коментари,<br>- гестикулации со сексуална алузија. | - повремени вознемирувачки повици на телефон,<br>- вознемирувачки СМС, ММС-пораки,<br>- вознемирувачки пораки на социјалните мрежи итн. |

| Табела 2 – Второ ниво | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | **Емоционално/ психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/ злоупотреба** | **Кибернасилство** |
| - шлаканици,<br>- удирање,<br>- газење,<br>- кинење на облеката,<br>- затворање,<br>- плукање,<br>- одземање и уништување на сопственост. | - уценување,<br>- закани,<br>- неправедно казнување,<br>- етикетирање,<br>- забрана за комуницирање,<br>- исклучување,<br>- отфрлање,<br>- манипулирање. | - спletкарење,<br>- игнорирање,<br>- отфрлање,<br>- невклучување,<br>- неприфаќање,<br>- манипулирање,<br>- експлоатација,<br>- исклучување од групата врз дискриминаторска основа,<br>- навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа. | - сексуално допирање,<br>- покажување на порнографски материјал,<br>- покажување на интимните делови на телото,<br>- соблекување. | - огласи,<br>- клипови,<br>- блогови,<br>- злоупотреба на форуми и четувања,<br>- сексуално насилство во видеоигри,<br>- снимање со камера на насилни сцени,<br>- дистрибуирање на приватни снимки и слики без согласност. |

| Табела 3 – Трето ниво | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Физичко насилство** | **Емоционално/ психичко насилство** | **Социјално насилство** | **Сексуално насилство/ злоупотреба** | **Кибернасилство** |
| - тепачка, давење, фрлање кои резултираат со сериозни физички последици /укажана помош од лекар,<br>- напад со палка, нож, оружје, кој може да има фатален исход,<br>- предизвикување на изгореници,<br>- забрана на храна и спиење,<br>- изложување на ниски температури. | - застрашување со уцена,<br>- рекетирање,<br>- ограничување на движење,<br>- наведување на користење на психоактивни супстанции (легални или нелегални),<br>- вклучување во секти,<br>- занемарување. | - сериозни закани за животот,<br>- изживување на група над поединец/група,<br>- дискриминација,<br>- организирање на затворени групи (кланови),<br>- навреди и вознемирување врз дискриминаторска основа. | - заведување од страна на возрасни,<br>- подведување,<br>- злоупотреба на моќта,<br>- наведување,<br>- изнудување и принудување на сексуална активност,<br>- силување,<br>- полов напад врз дете кое не навршило 14 години,<br>- задоволување на полови нагони пред друг,<br>- обљуба со злоупотреба на положбата. | - дистрибуирање или објавување на приватни снимки и слики без согласност,<br>- снимање на вулгарни и насилни сцени кои се масовно дистрибуирани,<br>- прикажување на порнографски материјал,<br>- производство и дистрибуција на порнографски материјал. |

**Прилог 2: Формулар за евиденција на насилството**

1. Датум и час кога се случил насилниот настан/ситуација: ____________________

2. Насилството се случува:

- ☐ Првпат
- ☐ Се повторува повеќепати: _____________ (наведете колку пати)

3. Каде се случило насилството (можни се повеќе одговори):

- ☐ Во училницата
- ☐ Во спортската сала
- ☐ Во ходниците
- ☐ Во тоалетот
- ☐ Во дворот на училиштето
- ☐ На пат кон/од училиштето
- ☐ Во домот
- ☐ На Интернет
- ☐ Друго: ________________________________________

4. Начин на откривање или воочување на насилството (насилната ситуација):

- ☐ Наставник
- ☐ Ученик сведок или ученик кој на друг начин дознал
- ☐ Стручен соработник
- ☐ Контакт-лице за пријавување насилство или негов заменик
- ☐ Пријава од обезбедувањето
- ☐ Директорот на училиштето
- ☐ Друго вработено лице во училиштето
- ☐ Пријава од родител/старател
- ☐ Пријава од личноста која доживеала насилство
- ☐ Анонимна пријава на е-пошта, веб-страница или во кутија
- ☐ Друго:______________________________________________

5. Опис на настанот:

| |
|---|
| |

6. Учесници во насилството

Дополни со број.

6.1. Колку жртви има во случајот? ____

6.2. Колку сторители има во случајот? ____

6.3. Ученик/ци жртва/и на насилство (овој дел, 6.3., се копира онолку пати колку што има жртви во случајот и се пополнува за секоја жртва поединечно)

Име и презиме: _______________________________________________

Возраст: _____

Род:

- ☐ Женски
- ☐ Машки
- ☐ Транс
- ☐ Друго

Етничка припадност:

- ☐ Македонска
- ☐ Албанска
- ☐ Турска
- ☐ Ромска
- ☐ Бошњачка
- ☐ Влашка
- ☐ Српска
- ☐ Друго:__________________________________

Дали ученикот е дете со попреченост или со посебни образовни потреби? Заокружете: ДА НЕ

Дали ученикот припаѓа на некоја маргинализирана или ранлива група, како ЛГБТИ, сиромашно или економски помалку моќно семејство, дете кое досега било жртва на насилство, дете кое има здравствени проблеми, дете без родители или дете од еднородителско семејство или дете кое живее во друга форма на неконвенционални семејства или е од друга маргинализирана група? Допишете и додајте опис доколку не знаете или се сомневате.

| |
|---|
| |

6.4. Кој е сторител на насилството (можни се повеќе одговори):

- ☐ Ученик или група ученици од училиштето
- ☐ Вработен во училиштето. Кој? Наведете име и презиме:______________________________
- ☐ Член на семејството
- ☐ Друг врсник
- ☐ Трето возрасно лице
- ☐ Друго:__________________________________

6.5. Ученик/ци сторител/и на насилство (овој дел, 6.5., се копира онолку пати колку што има сторители во случајот и се пополнува за секој сторител поединечно):

Име и презиме: _______________________________________________

Возраст: _____

Род:

- ☐ Женски
- ☐ Машки
- ☐ Транс
- ☐ Друго

Етничка припадност:

- ☐ Македонска
- ☐ Албанска
- ☐ Турска
- ☐ Ромска
- ☐ Бошњачка
- ☐ Влашка
- ☐ Српска
- ☐ Друго:________________________________

Дали ученикот е дете со попреченост или со посебни образовни потреби? Заокружете: ДА НЕ

Дали ученикот припаѓа на некоја маргинализирана или ранлива група, како ЛГБТИ, сиромашно или економски помалку моќно семејство, дете кое досега било жртва на насилство, дете кое има здравствени проблеми, дете без родители или дете од еднородителско семејство или дете кое живее во друга форма на неконвенционални семејства или е од друга маргинализирана група? Допишете и додајте опис доколку не знаете или се сомневате.

| |
|---|
| |

**7. Видови насилство**

| Вид на претрпено насилство (можни се повеќе одговори) |
|---|
| ☐ Физичко<br>☐ Психичко/емоционално<br>☐ Социјално<br>☐ Сексуално<br>☐ Кибер |

7.1. Дали во случајот се работи за родово засновано насилство или друг вид на насилство мотивирано од омраза и предрасуди? Заокружете: Да Не Не сме сигурни

7.2. Ако одговорот на 7.1. е „да“, заокружете за каков вид на насилство мотивирано од омраза или предрасуди се работи (можни се повеќе одговори):

- ☐ Родово засновано насилство
- ☐ Насилство засновано врз етничка и/или верска омраза и предрасуди
- ☐ Хомофобично или трансфобично насилство
- ☐ Насилство поради предрасуди поврзани со попреченост
- ☐ Насилство поради политичко уверување на жртвата и/или родителите
- ☐ Друго:_________________________________

7.3. Доколку одговорот на 7.1. е „не сме сигурни“, образложете:

7.4. Доколку се работи за ученик жртва на семејно насилство, одговорете на следните прашања:

Дали ученикот е директна жртва, сведок или и двете:

- ☐ Жртва
- ☐ Сведок
- ☐ И жртва и сведок

Сторителот е (можни се повеќе одговори):

- ☐ Мајка
- ☐ Татко
- ☐ Старател
- ☐ Брат
- ☐ Сестра
- ☐ Баба
- ☐ Дедо
- ☐ Друг член на домаќинството: ___________________________

Која надлежна институција е повикана за да постапи во случајот? Можни се повеќе одговори:

- ☐ ЦСР
- ☐ МВР/полиција
- ☐ МЗ
- ☐ ЈО
- ☐ Здружение на граѓани (допишете кое): _________________________

8. Забелешка (во овој дел додајте ги останатите информации кои сметате дека се важни, а не се опфатени со прашањата или образложете доколку имало различни мислења или несогласувања околу пополнувањето на формуларот)

| |
|---|
| |

Датум: --.--.20— г.

Име и презиме и потпис на контакт-лицето за пријавување насилство или на заменикот:

-----------------------------------------------------------------------------------------------------

Име и презиме и потпис на директорот на основното училиште:

-----------------------------------------------------------------------------------------------------

**Прилог 3: Формулар за план за заштита на жртвата од насилство и промена на однесувањето на сторителот**

1. Видови на интервенции кои ќе се преземат или се преземале, заедно со временска рамка:

| |
|---|
| |

2. Дали во интервенцијата била повикана друга институција или друго трето лице?

Заокружете: ДА НЕ

3. Ако одговорот на 2 е „да“, заокружете која институција или трето лице било повикано:

- ☐ ЦСР
- ☐ Полиција/ МВР
- ☐ Здравствена институција
- ☐ Јавно обвинителство
- ☐ Здружение на граѓани (допишете кое): _________________________
- ☐ Трето лице како независен експерт, специјален едукатор, друг (допишете професија и име и презиме на лицето): _________________________

Ако сте повикале институција, наведете датум, час и име и презиме на лицето од институцијата во која сте го пријавиле случајот: _____________________________________________

4. Предлог-мерки за заштита на жртвата, временска рамка за спроведување и начини на следење на спроведените мерки/интервенции

| |
|---|
| |

5. Предлог-мерки за промена на однесувањето на сторителот, временска рамка за спроведување и начини на следење на спроведените мерки/интервенции (се пополнува само ако сторителот е ученик/ци).

| |
|---|
| |

6. Процена на ефикасноста на преземените мерки за заштита на жртвата

| |
|---|
| Што се подобрило/на што сѐ уште треба да се работи:<br><br><br>Позитивни примери/позитивно однесување:<br><br><br>Негативни примери/негативно однесување: |

7. Процена на ефикасноста на преземените мерки за промена на однесувањето на сторителот (се пополнува само ако сторителот е ученик/ци)

| |
|---|
| Што се подобрило/на што сѐ уште треба да се работи:<br><br><br>Позитивни примери/позитивно однесување:<br><br><br>Негативни примери/негативно однесување: |

8. Забелешка (во овој дел додајте ги останатите информации кои сметате дека се важни, а не се опфатени со прашањата, образложете доколку имало различни мислења или несогласувања околу пополнувањето на формуларот. Доколку сте се соочиле со тешкотии и недостиг од соработка со родители/старатели или други институции, наведете и образложете во овој дел)

| |
|---|
| |

Датум: --.--.20— г.

Име и презиме и потпис на контакт-лицето за пријавување насилство или на заменикот:

----------------------------------------------------------------------------------------------------

Име и презиме и потпис на директорот на основното училиште:

---------------------------------------------------------------------------------------------------